# Прогресивна миопија и нејзината превенција кај деца лекувани во РЕ очни болести во Штип

Л. Икономовска, Ј. Максимовиќ, Н. Камчев
РЕ Очни болести, ЈЗУ Општа болница, Штип, Р. Македонија

Механизмот на настанување и терапија на прогресивната миопатија е траен и нерешен проблем во офталмологијата. Во детска возраст миопатијата е често неизвесна во однос на јачината на прогресијата, прогнозата на видот, патолошките промени на фундусот, па затоа проблемот на превенција е постојано актуелен во секојдневната практика. Според повеќето мислења од современата литература се претпоставува дека освен ендогениот фактор, односно генетската предиспозиција, постојат и некои надворешни фактори кои можат да влијаат на развојот и состојбата на миопијата кај децата.

Земени се за испитување 100 миопни деца на возраст од 1 до 16 години. Податоците се анализирани анамнестички, за почетокот и развојот на миопатијата, а потоа кај секое дете се испитувани некои надворешни фактори кои хипотетски можат да влијаат на прогресијата и состојбата на миопатијата.

Врз основа на истражувањата се дпјде до заклучок дека во периодот на раст на организмот кај генетски детерминираните деца, под дејство на надворешни фактори може да дојде до прогресија на миопатијата, а кај генетски недетерминираните деца да дојде до миопија.

printed by MegaPrint Inc. www.postersession.com